Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), во врска со член 6 став 1 алинеја 3 и член 70 став 7 и став 8 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 23 и член 41 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-3632/1 од 22.08.2025 г. и Студијата на Агенцијата, арх.бр.08-2339/1 од 3.6.2026 г., постапувајќи по Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, арх.бр.03-67/1 од 5.2.2020 г. (наш Уп1 бр.08-55 од 11.2.2020 г.) со дополнување арх.бр.03-958/2 од 21.9.2020 г. (наш Уп1 бр.08-94 од 22.9.2020 г.) и Пресудата на Вишиот Управен суд на РСМ, УЖ-2.бр.89/2024 од 6.2.2026 г. (наш Уп1 бр.08-55 од 3.3.2026 г.), а согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата, арх.бр.02-2386/4 од 10.6.2026 г., на 22 седница одржана на 10.6.2026 г., ја донесе следната

# **О Д Л У К А**
## **за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс**

1. СЕ ОДБИВА Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, арх.бр.03-67/1 од 5.2.2020 г. (наш Уп1 бр.08-55 од 11.2.2020 г.) со дополнување арх.бр.03-958/2 од 21.9.2020 г. (наш Уп1 бр.08-94 од 22.9.2020 г.), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.08-2339/1 од 3.6.2026 г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување нова дозвола за телевизиски програмски сервис од општ формат на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.

2. Одлуката се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Оваа Одлука е конечна.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 1-та седница одржана на 9.1.2023 г. донесе Одлука Уп1 бр.08-55 од 10.1.2023 г. за одбивање на писмено Барање од заинтересираната страна - Трговско радиодифузно друштво (ТРД) 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип арх.бр.03-67/1 од 5.2.2020 г. (наш Уп1 бр.08-55 од 11.2.2020 г.) со дополнување арх.бр.03-958/2 од 21.9.2020 г. (наш Уп1 бр.08-94 од

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

22.9.2020 г.), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс. Наведеното од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.03-4391/4 од 11.12.2020 г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиски програмски сервиси со претежно информативен општ формат и општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс.

Незадоволни од донесената одлука на Агенцијата, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип до Управниот суд на РСМ поднесе Тужба, У-3 бр.57/2023, примена во судот на 13.2.2023 г. доставена до Агенцијата на 22.2.2023 г. (наш Уп1 бр.08-55), со Покана за одговор на тужба, У-3 бр.57/2023 од 16.2.2023 г., на што Агенцијата на 3.3.2023 г. даде Одговор на тужба наш Уп1 бр.08-55 од 3.3.2023 г. ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, по повод одговорот на тужба на Агенцијата до Управниот суд на РСМ на 13.6.2023 г. поднесе Одговор на Одговор на тужба (наш Уп1 бр.08-55 од 24.1.2024 г.)

Управниот суд на РСМ по повод Тужбата на тужителот - ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип донесе Пресуда У-3.бр.57/2023 од 6.2.2024 г. (наш Уп1 бр.0801-55 од 21.2.2024 г.), со која Тужбата на тужителот поднесена против Одлуката УП1 бр.08-55 од 10.1.2023 г., се одбива како неоснована.

Против цитираната Пресуда на Управниот суд на РСМ тужителот - ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип на 1.3.2024 г. преку Управниот суд на РСМ до Вишиот управен суд на РСМ поднесе Жалба (наш Уп1 бр.0801-55 од 11.3.2024 г.), на што Агенцијата на 15.3.2024 г. поднесе Одговор на жалба (наш Уп1 бр.0801-55 од 15.3.2024 г.).

На 6.2.2026 г. од страна на Вишиот управен суд на РСМ до Агенцијата доставена е Пресуда УЖ-2.бр.89/2024 од 6.2.2026 г. (наш Уп1 бр.08-55 од 3.3.2026 г.) со која жалбата на тужителот – ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип се уважува, Пресудата на Управниот суд У-3.бр.57/2023 од 6.2.2024 г., се преиначува и се одлучува: Тужбата на тужителот - ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип се уважува, а Одлуката на Агенцијата Уп1 бр.08-55 од 10.1.2023 г., се поништува. Вишиот управен суд во цитираната Пресуда укажал дека од член 70 став 4 од ЗАВМУ произлегувало дека Агенцијата требало сама да ја изработи Студијата.

Постапувајќи по Пресудата на Вишиот Управен суд на РСМ, УЖ-2.бр.89/2024 од 6.2.2026 г. (наш Уп1 бр.08-55 од 3.3.2026 г.), Агенцијата изработи Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.08-2339/1 од 3.6.2026 г.). Студијата е објавена на веб страницата на Агенцијата на 3.6.2026 година.[2]

Студијата содржи клучни наоди, вовед како и следните делови: 1. Анализа на постојната медиумска понуда, 2. Анализа на ставовите и потребите на публиката, 3. Анализа на економскиот потенцијал на пазарот и Заклучоци.

Имено, Клучните наоди од Студијата покажуваат дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување нова дозвола за телевизиски сервис од општ формат на државно ниво; на пазарот веќе функционираат пет телевизии со општ формат, а нема ниту една специјализирана телевизија, што значително ја ограничува тематската разновидност на програмската понуда; капацитетите на дигиталниот терестријален мултиплекс претставуваат ограничен ресурс и поради тоа нивната распределба треба да биде насочена кон обезбедување поголема разновидност на програмската понуда (разновидност на формати на програмски сервиси, програмски содржини и жанрови), а не кон дуплирање на веќе постојни програмски концепти;

---

линк за студијата: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2026/

доделувањето на уште една дозвола за телевизија од општ формат не би придонело за суштинско унапредување на медиумскиот плурализам, туку би значело неефикасно користење ограничен јавен ресурс без значително збогатување на програмската понуда за публиката; анализата покажала недостиг на разновидност на телевизиската понуда со оглед дека сите пет терестријални телевизии емитуваат сервиси од општ формат; публиката е само делумно задоволна од постојната програмска понуда, а гледачите сметаат дека недостигаат квалитетни домашни серии, документарни, образовни, спортски и детски содржини, како и аналитички и истражувачки емисии; економската анализа покажува дека телевизискиот пазар има ограничен капацитет, со стагнација и на вкупните приходи и на приходите од рекламирање.

Во воведниот дел на Студијата е објаснета нејзината цел, односно утврдувањето на оправданоста за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Попрецизно, целта на студијата е да се утврди дали евентуално доделување нова дозвола за телевизиско емитување на државно ниво ќе придонесе за 1. поефикасно остварување на целта на ЗАВМУ и 2. повисок степен на задоволување на потребите на публиката од програмски содржини. За да може да одговори за целта за која е изработена, Студијата методолошки е структуирана во три комплементарни аналитички целини: првиот дел – анализа на програмската понуда – се однесува на форматите на програмските сервиси што ги емитуваат терестријалните телевизии на државно ниво и на различните видови програмски содржини што тие ѝ ги нудат на публиката; вториот дел од Студијата ги анализира ставовите и потребите на публиката во однос на програмската понуда на домашните телевизии и третиот дел содржи економска анализа на телевизиската индустрија и на релевантниот пазар.

1.„Анализата на постојната медиумската понуда“ покажа дека поголемиот број медиуми автоматски не обезбедува и поголема разновидност, па оттука разновидноста не се мери само според бројот на медиуми туку и според разновидноста на форматите и програмските содржини што им се достапни на граѓаните. Анализата на форматите на програмските сервиси на петте терестријални телевизии укажува на недостиг на разновидност уште на првото ниво, со оглед на тоа дека сите пет телевизии емитуваат програмски сервиси од општ формат. На државно ниво нема ниту една телевизија што емитува програмски сервис од специјализиран формат, што значително ја ограничува тематската разновидност на програмската понуда. Дополнително, сите пет телевизии емитуваат програмски сервиси од општ формат со претежно забавна функција, односно најголем дел од програмските содржини што ги емитуваат ја исполнуваат забавната медиумска функција. Оттука, понатамошно зголемување на бројот на телевизии од општ формат нема да придонесе за зголемување на медиумскиот плурализам и програмската разновидност. Слободните капацитети на дигиталниот терестријален мултиплекс треба да се искористат за воведување нови специјализирани телевизиски канали (детски, документарни, спортски) кои ќе ја збогатат и продлабочат тематската разновидност на вкупната телевизиска програмска понуда. И на второто ниво – разновидност на програмските жанрови и содржини, анализата покажува ограничена разновидност. Во програмската понуда на сите пет терестријални телевизии на државно ниво доминира играната програма (од која најголем дел се играни серии од турско производство, што дополнително укажува на ограничена жанровска разновидност во програмската понуда).

2.„Анализата на ставовите и потребите на публиката“ покажа дека телевизијата и натаму е најчесто користен медиум од страна на граѓаните, што ја нагласува потребата од обезбедување разновидна и квалитетна програма. Постојната телевизиска понуда не успева во целост да ги задоволи потребите на публиката. Домашните телевизии успеваат да ја задржат публиката со информативните програми (вестите и дебатните емисии) и со телевизиските серии, но располагаат со ограничен капацитет да ги задоволат потребите на публиката од квалитетна играна, спортска, документарна, образовна програма, како и програми за деца и млади. Поради тоа, овие содржини публиката ги гледа на странските телевизии што се реемитуваат од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи. Оттука, јасно е дека доделување на уште една дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис од

општ формат нема да придонесе кон унапредување на медиумскиот плурализам и разновидноста на содржините, ниту кон обезбедување поголема тематска разновидност на програмската понуда.

3. „Економската анализа“ покажува дека македонскиот телевизиски пазар е мал и ограничен. Ова најдобро се гледа преку вкупните приходи на сите комерцијални телевизии, кои во 2025 година изнесувале 1,4 милијарди денари, односно околу 23 милиони евра. Со оглед дека оваа сума заеднички ја оствариле сите телевизии на државно, регионално и локално ниво јасно е дека станува збор за пазар со ограничен економски потенцијал. Анализата во реални, а не само во номинални износи укажува дека рекламниот пазар не бележи стабилен и континуиран раст и дека има ограничен финансиски капацитет и ограничен капацитет за понатамошен раст. Во најголем дел од анализираниот период комерцијалните телевизии работеле со ниска профитабилност или со загуба. Анализата на економското работење на петте телевизиии што емитуваат пограма на државно ниво преку терестријален предавател (Алфа, Алсат-М, Канал 5, Сител и Телма) покажува дека дури и овој сегмент од телевизискиот пазар, кој и натаму е најзначаен и економски најсилен сегмент, се соочува со сериозни предизвици и работи во услови на нестабилност и непредвидливост. Податоците за вкупните приходи што овие пет телевизии ги остварувале во секоја од последните пет години покажуваат дека пазарот стагнира и дека не постои раст кој би обезбедил стабилна економска одржливост. Ниту една од петте телевизии не успеала да одржи континуиран раст на приходите во последните пет години. Особено е значајно што во последната година четири од петте телевизии оствариле помалку приходи отколку во претходната година, што покажува дека пазарот нема капацитет да обезбеди одржливост ниту за постојните субјекти.

Последниот дел од Студијата - „Заклучоци“ ги обединува сознанијата од сите три анализирани аспекти и врз основа на тоа е утврдено дека анализата на програмската понуда на терестријалните телевизии на државно ниво покажува недостиг на разновидност и на форматите на програмските сервиси и на програмските содржини што тие ги емитуваат. Сите пет телевизии емитуваат сервиси од општ формат, а на државно ниво не постои ниту еден специјализиран телевизиски сервис.

Наодите од оваа Студија покажуваат дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување нова дозвола за телевизиски сервис од општ формат на државно ниво.

Поради наведеното, имајќи ја предвид обврската на Агенцијата од член 6 став 1 алинеја 3 од ЗАВМУ да се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и да поттикнува разновидни, независни и самостојни медиумски услуги и Студијата во која се утврди отсуство на оправданост за доделување нова дозвола за телевизиски програмски сервис од општ формат на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, Агенцијата нема законска основа да пристапи кон објавување јавен конкурс по поднесеното барање. Напротив, согласно член 70 став 7 од ЗАВМУ, во случај кога со Студијата ќе се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс, Агенцијата е должна да донесе одлука со која ќе го одбие поднесеното барање.

Согласно член 70 став 7 од ЗАВМУ, доколку со студијата од став 4 на член 70 од истиот Закон се утврди дека нема оправданост за објавување на јавен конкурс, Агенцијата во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на студијата ќе донесе одлука со која ќе го одбие барањето од став 1 на член 70 од истиот Закон.

Во врска со сето погоре образложено, согласно член 70 став 7 од ЗАВМУ, имајќи предвид дека со Студијата на Агенцијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс (арх.бр.08-2339/1 од 3.6.2026 г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување нова дозвола за телевизиски програмски сервис од општ формат на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, Советот на Агенцијата на 22 седница одржана на 10.6.2026 г., го разгледа и усвои Предлогот Уп1 бр.08-148 од 8.6.2026 г., поднесен од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, за донесување на одлука со која ќе се одбие Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип,

арх.бр.03-67/1 од 5.2.2020 г. (наш Уп1 бр.08-55 од 11.2.2020 г.) со дополнување арх.бр.03-958/2 од 21.9.2020 г. (наш Уп1 бр.08-94 од 22.9.2020 г.).

Следствено на тоа, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[3] од ЗАВМУ, во врска со член 6 став 1 алинеја 3, член 70 став 7 и став 8 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 23 и член 41 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата и Студијата на Агенцијата, арх.бр.08-2339/1 од 3.6.2026 г., постапувајќи по Писменото барање од заинтересираната страна, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, арх.бр.03-67/1 од 5.2.2020 г. (наш Уп1 бр.08-55 од 11.2.2020 г.) со дополнување арх.бр.03-958/2 од 21.9.2020 г. (наш Уп1 бр.08-94 од 22.9.2020 г.) и Пресудата на Вишиот Управен суд на РСМ, УЖ-2.бр.89/2024 од 6.2.2026 г. (наш Уп1 бр.08-55 од 3.3.2026 г.), а согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата, арх.бр.02-2386/4 од 10.6.2026 г., на 22 седница одржана на 10.6.2026 г. донесе Одлука со која се одбива предметното Писмено барање од заинтересираната страна ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.08-2339/1 од 3.6.2026 г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување нова дозвола за телевизиски програмски сервис од општ формат на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.

Врз основа на наведеното, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот. Одлуката е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Одлуката ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Оваа одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- Заинтересираната страна, подносител на писменото барање, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Преку Управен суд на РСМ, до Виш Управен суд на РСМ;
- Директорот на Агенцијата;
- Сите организациони единици/сектори/служба во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и
- Назначените лица за водење на Уписникот (Уп1).

[3] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).